13.05.2009, 16:39

# ДЕЛОТО НА ГОЦЕ НАНЕВСКИ ПОДГОТВЕНО ЗА ВЕНЕЦИЈА



**Наскоро на јавноста ќе и' биде претставено и делото „Моето сонце“ на Никола Узуновски**

**Катерина Богоева**

Скулпторот Гоце Наневски, еден од двајцата годинешни претставници на Македонија на 53. Венециско биенале, го заврши своето дело „50 или 50, сегмент нулта“. Вчера го презентираше во Мултимедијалниот центар „Мала станица“, на прес-конференција каде беше соопштено, дека вториот претставник на престижната манифестација, ликовниот уметник Никола Узуновски, сеуште работи на заокружување на своето дело „Моето сонце“.

Свеченото отворање на македонскиот павилјон и презентацијата на Македонија и двата проекта во Венеција, е закажано за 5 јуни во 14.30 часот во палатата „Зенобио“ каде ќе биде поставено делото на Наневски. Утредента, на 6 јуни во 13.00 часот, на отворен простор, на Рива Ка ди Дио каде што ќе биде поставена и контејнер - лабораторијата во која ќе работи Узуновски ќе биде презентирано делото „Моето сонце“.

Куратор на делото „50 или 50 “, сегмент нулта“ на Наневски е Бојана Јанева, од Националната галерија на Македонија, институција што е и носител на проектот. Куратор на „Моето сонце“ е Зоран Петровски, додека носител на проектот е Музеј на град Скопје.



Електронско издание



ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ
- ПОЛСКИТЕ ИЗДАВАЧИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ АВТОРИ
- ИЗГЛАСАНА РЕЗОЛУЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА
- ВО НАЦИОНАЛНАТА ГАЛЕРИЈА ИЗЛОЖБА НА ГРАФИКИ ОД ИВАН МЕШТРОВИЌ
- СО ЕСКЛУЗИВЕН КОНЦЕРТ ВЕЧЕРВА ЌЕ БИДЕ ОТВОРЕНА НОВАТА МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА
- ВОЗЕТЕ ВНИМАТЕЛНО- НАМЕСТА ПАТИШТАТА ВЛАЖНИ И СО ОДРОНИ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

17° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Претежно облачно

| НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 21 | 21 | 22 | 21 | 21 |
| ПЕТ | САБ | НЕД | ПОН | ВТО |
| 19 | 21 | 22 | 24 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

- Фенербахче и Олимпијакос ќе се борат за европската шампионска титула
- Суспендирани 15 вработени во МВР за инцидентите во Собранието
- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома

Досега за делото на Гоце Наневски, според директорката на Националната галерија , Маја Крстевска се исплатени 10 илјади евра од Министерството за култура, а ќе бидат потребни околу 25 илјади евра за изнајмување на изложбениот простор во шесте месеци колку и ќе трае презентацијата. Предвидениот буџет за двете дела сеуште не е затворен, а организаторите од Министерството ги очекуваат и преостанатите средства, со дел од кои треба да биде изработен и потребниот печатен материјал.

За „Моето сонце" досега се издвоени 2.250 000 денари, а се очекува да бидат исплатени уште околу 10 илјади евра.
Делото „50 или 50 ", сегмент нулта" е продолжение на претходно презентираното „50 или 50" во Музејот на современата уметност во Скопје. Изработено е од метал и пластика во голема димензија, а за разлика од претходниот проект кој привлече внимание во македонската јавност, не е придружено со видео, туку со аудио инсталација, која ќе се повторува на секој 9 минути. "Јас како автор, но не и гледачот, знам кога делото ќе се придвижи во текот на денот. Во тоа е и дилемата, а таа лежи во насловот".

За двајцата автори не е предвиден посебен хонорар за изработка на делата. Наневски тоа го образложи со ограничувачката висина на буџетот, а комесарот на изложбата Фросина Зафировска, посочи дека во проектот за Узуновски е предвиден и негов шестмесечен престој во Венеција. „И ние сметаме дека авторите треба да добијат хонорар, но буџетите не дозволуваат" -изјави комесарот.

Проектот „Моето сонце " дополнително ќе и биде претставен на македонската јавност пред да биде поставен во Венеција. Авторот на него работи од 2005 година, а проектот ќе продолжи да тече и по Биеналето. Кураторот Зоран Петровски го нарече поетски проект, чија основна идеја лежи во мислата, „што можеш да направиш за другите". Никола Узуновски во овој период работи на создавање лебдечки балон, објект што ќе ја прима и пренесува светлината од сонцето на друг објект или простор. Потребните материјали се набавуваат и од Тајлан, Германија, Англија.

Статијата е прочитана 3014 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**Мелинго и Лила Даунс главни ѕвезди на „Оф-фест"**
**„Незавршена приказна" - трета премиера на Градски театар**
**Промоција на нова поетска збирка од Гордана Михаилова-Бошнакоска**
**Средба со Јагода Михаловска-Георгиева во „Три"**
**Реномираниот Јосиф Иванов со Филхармонија**
**Промоција на дело за академик Виктор Фридман во МАНУ**
**Македонија повторно нема штанд на Канскиот фестивал**

## КОМЕНТАРИ

**Prilepcanec**, 14.05.2009 11:04:29
Ne e prvpat umetnicite da prestojuvaat na mestata na umetnickite nastani na svoja smetka.Za niv nema honorar-tie pari od bugjetot gi ispasuvaaat bikovite na skopskite ulici A,makedonija ,seve na Venecijanskoto bienale pokazuva deka ima konj(i) za trka! samo sto toa se sveduva na "nivna rabota"
Кликнете за оценка: 21 | 31

Deutsche Welle
Пипа кажа „Да"
Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
Германија: Еден милион слободни работни места

период од-до 2006 - 2014